**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-360/8
Датум: 19.2.2024 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019), и член 75 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Деканатската управа на седницата одржана на 19.2.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на листа на информации од јавен карактер

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува листа на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје како имател на информации, во остварување на своите надлежности утврден со закон.

### Член 2

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создава Факултетот, и тоа:

- **Акти на органите на ФЕИТ** (достапни на: Универзитетски гласник, веб страницата и архивата на ФЕИТ)
- **Тековни активност** (достапни на: огласни табли, веб страницата и архивата на ФЕИТ)
- **Годишни извештаи** (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)

**<u>Настава</u>**

- **Извештаи за студенти** (достапни во: извештаите на Државниот заводот за статистика, Универзитетот)
- **Студиски програми** (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)
- **Предметни програми** (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)
- **Распоред на предавања, резултати од испити, соопштенија за студенти и сл.** (достапни на: веб старницата и на огласни табли на ФЕИТ)
- **Академски календар** (достапен на: веб старницата на ФЕИТ)
- **Регистар на наставници и соработници** (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)

**Меѓународна соработка**

- Договори за тековни и завршени меѓународни проекти (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

- Научни проекти (достапни на: посебни публикации и веб старницата на ФЕИТ)

**Библиотечно работење** (податоците се достапни во: библиотеката и на веб страница на ФЕИТ)

**Издавачка дејност**

- Изданија на Факултетот (достапни во: библиотеката и книжарницата на ФЕИТ)

**Финансиско и материјално работење**

- Годишен извештај за финансиско и материјално работење (достапен во: Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен Регистар, Министерство за образование и наука и веб старницата на ФЕИТ)
- Годишен план за јавни набавки (достапен на: веб старницата на ФЕИТ и ЕСЈН)

**Податоци за контакт на имателот на информациите** (достапни на: веб старницата на ФЕИТ)

**Член 3**

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно со Закон за заштита на лични податоци и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб-страницата на Факултетот за електротехника и информациски технологии-Скопје.

**Член 5**

Одлукава влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски